# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА „ФИЛМСКА И ТВ РЕЖИЈА“ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 12.07.2021 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Филмска и ТВ режија** во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Филмска и ТВ режија**, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 22 јуни 2021 година, се пријави и поднесе документација кандидатот: **м-р Сашо Павловски.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Мишо Нетков**,
**Проф. Роберт Јанкулоски**, и
**Проф. Миле Петковски**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

**НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ**

2016 година е една од најактивните години на Сашо Паловски. Тогаш се завршува мултимилионскиот француски филм „**A Fond**“**,** кој се снима во Македонија а Сашо Павловски е линиски продуцент и човекот кој го донесе овој проект. Успешното завршување значи голема школа за цела екипа која работи на филмот, бидејки ваков тип на проект се случува само два пати во историјата на македонската кинематографија. Истата оваа година, Сашо Павловски го завршува и копродукцискиот филм ***Хармс***, руски филм посветен на живото на големиот писател Данил Хармс. Сашо Паловски како копродуцент, а истовремено обезбеди компонирање, изведба и снимање на музиката за овој филм, како и на визуелните ефекти. Ова е и првата соработка на филмското поле помеѓу Русија, Литванија и Македонија. Непроценливо е искуството за целата филмска екипа која учествуваше во овој проект. Важно е да се напомене, дека овој филм покрај учеството на многу фестивали, се закити со главните награди за најдобро сценарио и камера на Шангајскиот Интернационален филмски фестивал. Овој фестивал е познат како Кан на истокот и е од највисока А категорија.
Покрај работата на овие два филма, Сашо Павловски, истата оваа година учествува на два настани за соработка и обука на филмски работници - Apulia Co production Forum, одржан во областа апулиа во јужна Италиа; Montenegro Film Production Forum. Во Италија се разменети искуствата со најпознатите Европски филмски работници (режисери и продуценти), а во Црна Гора, Сашо Павловски беше предавач - ментор на младите студенти на филмската академија во Црна Гора, со посебен акцент на пичинг на проекти.
2018 година, Сашо Павловски како продуцент го заврши филмот ***Незаборавна пролет во заборавено село***. Овој филм беше копродукција помеѓу Македонија, Албанија и Косово. За време на подготовките на продукцијата, Сашо Павловски беше дел од жирито за кратки филмови на Тирана Интернационален Филмски Фестивал, Фестивал кој носи поени и бодувања во трката за Оскар. Филмот беше успешно завршен а својата меѓународна премиера заслужено ја имаше на Московскиот Интернационален Филмски Фестивал. Фестивал од највисока, А категорија.
2019 година, својата плодна работа ја проширува и во странство. Станува предавач, оценувач на работите на студенти по филм на школата во Кардиф, Обединетото кралство. Името на оваа онлајн школа е International baccalaureate IB.
2020 година, започнува со подготовки на петтиот по ред долгометражен игран филм - ***Сите го викаат Реџо***, кој се планира да се снима пролетта 2022 година, со учество на меѓународна филмска екипа.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **м-р Сашо Павловски** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Редовен професор** по група предмети од обласа **Филмска и ТВ режија** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Мишо Нетков**

_______________________________

**Вонр. Роберт Јанкулоски**

_______________________________

**Проф. Миле Петковски**

_______________________________

**Скопје**
**23.08.2021**